# ИЗВЕШТАЈ

1. **Со решение на Директорот на Управата за извршување на санкции формирана е работна група задолжена за изготвување на работна верзија на Предлог Законот за извршување на санкциите**. Во работната група учествуваа 16 членови и тоа: претставници на Управата за извршување на санкции, 3 претставници од КПД Идризово, по 2 преставници од КПД Штип и Затвор Тетово, преставник од Затвор Битола и Затвор Скопје. Работната група одржа состаноци на:

   -состанок 15.09.2017 година;
   -состанок 22.09.2017 година;
   -состанок 29.09.2017 година;
   -состанок 06.10.2017 година;
   -состанок 13.10.2017 година;
   -состанок 20.10.2017 година;
   -состанок 27.10.2017 година;
   -состанок 24.11.2017 година и
   -изолациона сесија 30 и 31 октомври и 1 ноември 2017 година.

2. **Со решение на Директорот на Управата за извршување на санкции формирана е работна група за изработка на Предлог измени и дополнување на националното законодавтсво кое регулира легислатива од областа на социјалното и здравственото осигурување, здравствена заштита на осудените и притворените лица, како и стаусот на здравствените работници во КПУ и ВПУ**. Во работната група учествуваа претставници од Управата за извршување на санкции, Министерството за здравство, Фондот за здравство, Управата за јавни приходи, Министерството за труд и социјална политика и КПД Идризово. Работната група одржа неколку состаноци и тоа:
   -состанок 06.11.2017 година
   -состанок 13.11. 2017 година
   -состанок 21.11.2017 година
3. **Со решение на директорот на Управата за извршување на санкции формирана е работната група за изработка на Предлог измени и дополнување на националното законодавство кое регулира легистлатива од областа на стопанските единици од Законот за извршување на**

**санкции**. На состаноците на работната група присутни беа претставници од Управата за Извршување на санкции, Централниот регистар, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финасии, Министерство за Економија и преставник од редот на вработените на СЕ Економија.
Работната група одржа состаноци на :
- состанок 22.11.2017 година
- состанок 27.11.2017 година

4. **Со решение на директорот на Управата за извршување на санкции** формирана е работна група за Изработка на Предлог Закон за дополнување на Законот за извршување на санкциите во врска со **"Надворешниот механизам за контрола на работата на вработените во МВР со полициски овластувања и затворската полиција."**
-состанок 24.11.2017 година
-состанок 27.11.2017 година.

5. Со решение на Директорот на управата за извршуваwе на санкции Формирана е работна група задолжена за **анализа на дискреционите овластувања на носителите на јавните функции предвидени во законските и подзаконските акти** и изработен е Извештај за резулатите од процесот на самопроценка и 9 Прашалници за анализа на овластувањата на носителите на јавни функции се доставени на 17.10.2017 година до Државната комисија за спречување на корупција.

6. Во однос на надзори во казнено-поправни установите во текот **од месец август заклучно со 18.12.2017 година извршени се вкупно 23 вонредни стручно инструкторски надзори и тоа**: 15 во КПД Идризово, 3 во КПД Штип, 2 во Затвор Тетово, 2 во Затвор Скопје и 1 во Затвор Струмица.

7. **Со решение на Министерот за Правда формирана е** работна група за изготвување на нов закон за извршување на санкции која се состои од претседател и 12 членови и во која се вклучени претставници на Управата за извршување на санкции.

8. **ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ПРОБАЦИСКА СЛУЖБА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2017 ГОДИНА**

Пробациската служба се воспоставува постепено односно како пилот

проект во април 2017 година најпрвин започна со работа пробациската канцеларија на подрачјето на Основниот суд Скопје1 - Скопје во рамките на Управата за извршување на санкциите.

**На 04.10.2017** година до сите основни судови со проширена надлежност доставени се писмени барања за обезбедување на просторни услови за воспоставување на локалните пробациски канцелатии; (од Основниот суд Скопје 1 Скопје, Основниот суд Охрид и Основниот суд Велес се веќе доставени известувања дека се обезбедени простории за сместување на канцелариите).

**Во периодот октомври/ноември** обезбедена е посебна просторија за работа на Пробациската канцеларија во рамките на Основниот суд Скопје 1 која е целосно опремена со мебел и компјутерска опрема. Распределени се двајца вработени од Управата за извршување на санкциитена на кои им се дадени писмени задолженија и кои работните обврски и задачи ги извршуваат во оваа канцеларија.

Во текот на 2017 година, Пробациската канцеларија за подрачјето на Основниот суд Скопје 1 има постапено по 5 решенија на Основен суд Скопје 1 Скопје за условен отпуст на осудени лица кои се со место на живеење во Скопје.

Постепеното воспоставување на службата е со цел да се види на кој начин ќе функционира новата служба и да се направат неопходните подобрувања и прилагодувања во службата и нејзиното функционирање во пракса, а потоа се планира да се воспостават и останатите локални пробациски канцеларии низ земјата на подрачјето на основните судови со проширена надлежност и тоа во Битола,Прилеп,Охрид,Гостивар,Тетово, Куманово, Кочани,Велес,Струмица и Штип.

Од аспект на легислативата, во 2017 година од страна на работна група беа разгледани и комплетирани документите изработени во рамките на ИПА Проектот 2017 година (подзаконските акти кои произлегуваат согласно законот за пробација, инструментот за проценка на ризик, извештаите кои ќе се доставуваат до судот, процесите и протоколите за извршување на пробациски работи, Стратегија за комуникација и односи со јавност за пробациската служба) кои се потребни за извршување на пробациските работи.

До Секретаријатот за законодавство се доставени на мислење Предлог подзаконски акти кои произлегуваат согласно законот за пробација и во

моментот се работи на доработка на актите согласно доставените забелешки од Секретаријатот за законодавство. Истите се очекува да бидат комплетирани и донесени најдоцна до крајот на декември 2017 година.

Исто така**, одржани се 5 работни состаноци со работната група** за изработка на процесите и протоколите за извршување на пробациски работи како и изаботка на ПРЕДЛОГ ПРАВИЛНИК за начинот на извршување на електронскиот надзор и на користење на правото на престој надвор од просториите на живеалиштето, за начинот на извршување на општокорисна работа, за формата, содржината и начинот на водење на регистарот за лицата спрема кои се извршуваат пробациски работи, за формата, содржината на образецот и начинот на издавање и одземање на службената легитимација на пробацискиот службеник, за начинот на спроведување на стручно - инструкторскиот надзор над месно надлежните пробациски канцеларии , права и обврски на осуденото лице за време на извршување на електронски надзор изречен со куќен затвор или условен отпуст. Одржани состаноци на работната група:

- 14.09.2017 година;
- 21.09.2017 година;
- 29.09.2017 година;
- 10.10.2017 година;
- 17.10.2017 година

9. **На 30.08.2017** година во КПУ Затвор Куманово е спроведена проверка на стекнатите знаења, на осудените лица кои посетуваа обуки за занимањата пекар и бравар, а кои обуки се реализираа во рамките на Проектот „Креирање можности за работа за сите II", имплементиран од страна на Управата за извршување на санкциите, Министерството за образование и наука и Програмата за развој на обединетите нации УНДП.

10. **На 05.10.2017 година одржан состанок со екперти на WINPRO програмата за соработка во сферата на кривичното право : Зајакнување на заштитата на сведоци во борбата против организираниот криминал, тероризмот и корупцијата**, по однос на споделување на досегашните искуства во имплементацијата на Програмата и разгледување на можностите за натамошна соработка.

11. **На 16.10.2017** година одржан состанок во КПУ-КПД Идризово со претставници на Министерство за образование и наука и УНДП, за разгледување на можностите за спроведување на обуки за занимања за осудените лица кои се наоѓаат на издржување на казна затвор во женското одделение на КПД Идризово. Обуките започнаа да се реализираат во текот на месец демеквври 2017 година.

12. **На 18.10.2017** година реализирана посета на КПУ-КПД Штип со цел спроведување на тестирање на осудените лица кои посетуваа обуки за занимањата готвач и аргон заварувач, кои се реализираа во рамките на Проектот „Креирање можности за работа за сите II", имплементиран од страна на Управата за извршување на санкциите, Министерството за образование и наука и Програмата за развој на обединетите нации УНДП

13. **11 и 12.11.2017** - Одржани работни состаноци со работната група за изготвување на **Програмата за обука на затворски персонал за динамична безбедност како и Стандардни оперативни процедури** (СОП) за спроведување на концептот на динамична безбедност.

14. **На 15 и 16.11.2017** година реализирана посета на КПУ-КПД Штип, КПУ Затвор Прилеп, КПУ Затвор Битола, КПУ-КПД Идризово и КПУ Затвор Куманово, со цел од страна на лице-експерт во областа да биде направена проценка на техничките можности за поставување на блокатори и телефони со картички во наведените казнено-поправни установи.

15. **На 20 и 21 ноември 2017** година беше одржан работен состанок со странски експерти на работна група за изготвување на Програма за насилни осудени лица, активност која е во рамките на проектот „Јакнење на заштитата на правата на осудените лица" поддржан од Совет на Европа.

16. **На 24.11.2017** година одржан состанок на Националната техничка група за мерење и процена на организираниот криминал на Западен Балкан. На странските експерти задолжени за имплементација на Проектот од страна на претставниците на Управата им беа дадени податоци за тоа какви статистички податоци се прибираат во Управата и казнено-поправните и воспитно-поправните установи, на кој начин и каде се објавуваат. Исто така,

беа дадени податоци за тоа какви регистри и книги за евиденција на осудените лица водат казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

17. **На 27.11.2017** година доделени уверенија за стручно оспособување на вкупно 23 осудени лица кои се наоѓаат на издржување на казна затвор во КПУ Затвор Куманово. Осудените лица посетуваа обуки за пекар и аргон заварувач, кои се реализираа во рамките на Проектот „Креирање можности за работа за сите II", имплементиран од страна на Управата за извршување на санкциите, Министерството за образование и наука и Програмата за развој на обединетите нации УНДП. На доделувањето на уверенијата присуствуваа: Директорот на управата за извршување на санкции г-дин Јовица Стојановиќ, Министерката за образование и наука г-ѓа Рената Десковска и постојаниот претставник на УНДП во Македонија, Лујза Винтон.

18. **Во периодот од месец Август до Декември 2017 г**одина започнати се јавните набавки за опремување на објектите во Отворено и Полуотворено одделение во КПД "Идризово" општина Гази Баба и во тек е нивна реализација, и тоа:
    I. Спроведена е тендерска постапка за **Набавка, транспорт и монтажа на ѕидни ЛЕД светилки во КПД Идризово**, Општина Гази Баба, Скопје.Одлука за избор донесена на **09.10.2017** година
    II. Спроведена е тендерска постапка за набавка на **Изработка, транспорт и монтажа на мебел од метал во Отворено и Полуотворено машко одделение во КПД Идризово**,Општина Гази Баба, Скопје, која се спроведува по Оглас бр. 02/2017. Постапката е во завршна фаза
    III. **Изработка, транспорт и монтажа на мебел и училишна опрема**
    IV. **Набавка, транспорт и монтажа на опрема во чајни кујни и перални**
    V. Спроведена е тендерска постапка за **Набавка, транспорт и монтажа на фитнес опрема во КПД Идризово,** Општина Гази Баба, Скопје. одлука за избор донесена на **20.11.2017** година.

19. Градежните активности на објектите во Воститно поправниот дом за малолетници "Тетово" општина Брвеница во изминатиот период се одвиваа со зголемен интензитет.